26800

# НОВИ ГРАФИКИ ЗА МСУ

**● ДЕНОВИВЕ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ПРИСТИГНАА 35 НОВОПОДАРЕНИ ГРАФИКИ ОД НАЈЕМИНЕНТНИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД СИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ РЕПУБЛИКИ И ПОКРАИНИ. — ПРИСТИГНАА И ГРАФИКИ ОД ИСТАКНАТИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ УМЕТНИЦИ ШТО ЖИВЕАТ И РАБОТАТ ВО СТРАНСТВО. — МЕЃУНАРОДНАТА КОЛЕКЦИЈА НА МСУ БРОИ 1.300 ГРАФИКИ**

ДЕНОВИВЕ во Музејот на современата уметност во Скопје, во рамките на акцијата за подарување дела на Скопје што беше покрената непосредно по катастрофалниот земјотрес во 1963 година, пристигнаа 35 графики од најистакнати современи ликовни уметници речиси од сите југословенски републики и покраини, како и од истакнати југословенски ликовни уметници кои живеат и работат во странство.

До МСУ по една и повеќе графики работени во сите графички дисциплини испратија Бранимир Карановиќ, Мирослав Арсиќ, Соња Ламут, Томислав Дугоњиќ, Стане Јагодич, Тиница Стеговец, Томаж Горјуб Иван Кудуз, Фатмир Крипа, а сопругата на неодамна починатиот војводински сликар Милан Керац, исполнувајќи ја дамнешната желба на својот сопруг, на МСУ во Скопје му испрати 15 графики од Милан Керац.

На адреса на Музејот на современата уметност во Скопје пристигнаа и 4 графики од косовскиот ликовен уметник Цељош Џокај, а една графика пристигна и од белградскиот ликовен уметник Радован Крагуљ кој живее и работи во Париз и кој на годинашнава Меѓународна изложба на цртеж во Риека ја доби првата награда.

Подарени графики за МСУ се најавени и од ликовните уметници Јоже Циуха, Миладин Желимир и Јоже Спацл.

Исто така, деновиве во МСУ пристигнаа и подарени графики од ликовни уметници од Шведска, ДР Германија, Романија, Унгарија и Грција.

Подарените графики се работени во сите графички дисциплини: сито-печат, дрворез, акватинта, мезотинта и бакропис. Со новоподарените дела Меѓународната збирка на графики при МСУ содржи вкупно 1.300 графики, а вкупно подарените дела во сите ликовни дисциплини достигнаа бројка од 3.320 дела. **Т. Ширилов**



**НОВОПОДАРЕНАТА ГРАФИКА НА МСУ ОД ИСТАКНАТИОТ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ЛИКОВЕН УМЕТНИК РАДОВАН КРАГУЉ КОЈ ЖИВЕЕ И РАБОТИ ВО ПАРИЗ**

ВЕЧЕР ☆ 16 септември 1980 година

5350, 14.